Врз основа на Законот за трговските друштва, а согласно Статутот на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица и Одлуката на Управниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, генералниот директор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица со седиште во ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица

Седницата на собранието на акционери ќе се одржи на ден 10.01.2024 година со почеток во 13 часот во седиштето на друштвото на ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица

За седницата на собранието се предлага следниот

## ДНЕВЕН РЕД

I. Процедурален дел

1. Отворање на собрание на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на собрание
   - Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
   - Избор на Претседавач на собрание;
   - Избор на записничар на собрание
   - Именување на Нотар за водење на Записникот на собранието.

II. Работен дел

1) Разгледување и усвојување на записникот од одржаното последно годишно собрание со број ОДУ бр. 283/2023 од 19.06.2023 година;
2) Донесување на Одлука за спроведување на постапка за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица од Акционерско друштво (АД) во Друштво со ограничена одговорност (ДОО).
3) Донесување на Одлука за усвојување на Извештајот за причините, правните и деловните прашања од значење за преобразба.
4) Донесување на Одлука за овластување на лице за спроведување на преобразба пред Централниот регистар на Република Северна Македонија.
5) Донесување на Одлука за престанок на важноста на Статутот на Акционерско друштво (АД).
6) Донесување на Одлука за донесување и усвојување на Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност - ДОО.
7) Донесување на Одлука за усвојување на годишна сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото.
8) Донесување на Одлука за усвојување на извештајот од овластениот ревизор до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото.
9) Донесување на Одлука за разрешување на генерален директор на друштвото.
10) Донесување на Одлука за разрешување на членови на Управен одбор
11) Донесување на Одлука за разрешување на членови на Надзорен одбор
12) Донесување на Одлука за избор на управител.
13) Донесување на Одлука за промена на назив на установата.

14) Донесување на Одлука за промена на скратен назив на установата.
15) Разно

Собранието ќе одлучува само за прашањата коишто се уредно ставени на древен ред  Вклучување на нови точки во дневиот ред може да се врши по писмен пат на начин утврден со член 390 од ЗТД. Гласањето на Собранието е јавно.

Пријавувањето за седницата на Собранието лично или преку полномошник може да се изврши согласно член 391 и член 392 од ЗТД.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој јавен повик секој работен ден во седиштето на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица од 13:30 часот до 15:00 часот или на веб страната на друштвото edinstvosr@yahoo.com.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Генерален директор

САШКО КУЗМАНОВ